

На градскиот плоштад во Скопје денеска се одржа првиот натпревар во кршење со велигденски јајца, на кој судија беше актерот Сашко Коцев.

Првите шеесет и четири минувачи кои се пријавија за учество на натпреварот во организација на Групацијата Жито Вардар добија по едно велигденско жи-ва јајце и со тоа добија можност да влезат во рингот и да се борат за победа во шест рунди.

На натпреварот беа поделени златен, сребрен и бронзен медал. Најдобрите тројца натреварувачи добија и пакет производи од Групацијата Жито Вардар, а сите останати подарок пакување од шест јајца.